## ИНФОРМАЦИЈА ЗА
## ДОГОВОРЕНО ПРОИЗВОДСТВО И ОЧЕКУВАН ОТКУП НА ТУТУН ОД РЕКОЛТА 2025 ГОДИНА

Согласно Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 27/20 и 56/21) во регистарот на откупувачи на тутун што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство запишани се десет откупувачи на тутун кои склучуваа договори за производство и откуп на тутун за реколта 2025 година и тоа: Сокотаб ДООЕЛ Битола, Алајанс Уан АД Кавадарци, Тутунски Комбинат АД Прилеп, Пашоски тутунски дилер ДООЕЛ Скопје, Орбита Табак ДООЕЛ Скопје, Кавекс Балкан ДООЕЛ Неготино, Секе ДООЕЛ Прилеп, Миссириан ДООЕЛ Струмица, Бакко МК ДООЕЛ Битола и Итал Мас Тобако ДООЕЛ Скопје.

**Површини и договорено производство на тутун 2020-2025 година**

Во периодот од 2020-2025 година тутунот е застапен на просечна површина од околу 12.970 ха.

Договорени површини и договорено производство на тутун 2020-2025 година

| Реколта | Вкупно Договорена површина во ха | Вкупно Договорена количина во тони | Вк.број склучени договори | Број на земјоделски стопанства |
|---|---|---|---|---|
| 2020 | 12.114 | 22.960 | 29.932 | 19.702 |
| 2021 | 11.784 | 22.137 | 27.650 | 18.752 |
| 2022 | 13.237 | 24.098 | 29.429 | 17.924 |
| 2023 | 13.321 | 26.504 | 30.621 | 17.586 |
| 2024 | 12.959 | 26.418 | 29.957 | 16.830 |
| **2025** | **14.409** | **27.231** | **33.517** | **17.829** |

Договореното производство на тутун во 2025 година е зголемено за околу 3% во споредба со реколта 2024 година, поради зголемување на површините за околу 11%. Бројот на склучени договори е зголемен за околу 12%, а бројот на земјоделски стопанства е зголемен за околу 6% во споредба со реколта 2024 година.

**Очекувано производство на тутун во 2025 година**

Според сумираните податоци внесени во електронскиот систем за евиденција на тутун ИСЕТ од страна на регистрираните откупувачи на тутун во производната 2025 година се очекува производство на околу **27.314** тони суров тутун во лист, што претставува зголемување за околу 896 тони во однос на договорените количини од реколта 2024 година. (26.418 тони)

Во производната 2025 година тутунот е засаден на површина од **14.409** ха што претставува зголемување на површините за околу 1.450 ха во споредба со производната 2024 година. (12.959 ха)

За ова производство склучени се вкупно 33.517 договори што претставува зголемување на бројот на договори за околу 3.560 договори во споредба со производната 2024 година. (29.957)

Според податоците внесени во електронскиот систем за евиденција на тутунот од страна на регистрираните откупувачи на тутун во производната 2025 година евидентирани се вкупно **17.829** земјоделски стопанства (тутунопроизводители) што претставува зголемување на бројот на ЗС тутунопроизводители за околу 999 или за околу 6 % во споредба со реколта 2024 година. (16.830)

Преглед на засадени површини под тутун и очекувано производство за реколта 2025 година

| ПРИЛЕП | | ЈАКА | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|
| ха | тони | ха | тони | ха | тони |
| 14,409.01 | 27,231.38 | 66.67 | 82.69 | 14,475.68 | 27,314.07 |

Извор: ИСЕТ

Од тип Прилеп се очекува производство на околу 27.230 тони на договорена површина од 14.409 ха, а од тип Јака се очекува производство на околу 83 тони на договорена површина од 67 ха.